Врз основа на член 54 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 124 став 1 алинеа 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл.весник на Р.Македонија бр.184/13,13/14,44/14, 101/14,132/14,142/16,132/17,168/18,248/18 и 27/19 и Сл.весник на РС Македонија бр.154/19,42/20,48/21,77/21,154/23 и 55/24) и член 42 став 4 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот совет на МРТ на својата .седница одржана на 18.08.2025 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за запирање на постапката за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ

1. Се запира постапката за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ започната со Јаниот конкурс со бр.02-3306/2 објавен на 23.05.2025 година.
2. Пристигнатите документи за исполнување на бараните услови по конкурсот да се вратат по пошта во затворен плик до пријавените кандидати.
3. Јавниот конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ повторно да се распише согласно условите во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ.
4. Одлуката да се објави на ВЕБ страната на МРТ.
5. Оваа одлука стапува во сила со денот на донесување.
6. Примерок од Одлуката да се достави до:
    - Одделение за стручна и техничка подршка на ПС и НО,
    - Архивата на МРТ.

### ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 23 мај 2025 година е објавен Јавен конкурс за избор на членови на Надзорен одбор, по што во јуни 2025 година е извршен избор на нов Програмски совет на МРТ. Со овој избор престанал мандатот на дотогашниот состав на Програмскиот совет. Претходниот Програмски совет формирал административна комисија за спроведување на јавен конкурс. Комисијата започнала со работа пред престанокот на мандатот на органот, но постапката не е завршена во законски пропишаниот рок, со што се доведува во прашање законитоста на постапката за избор на членови на Надзорен одбор доколку се земат во предвид одредбите од Законот за општата управна постапка, кој како супсидијарен се применува од страна на јавните органи кога решаваат или влијае на правата, обврските или правните интереси на физичките лица, правните лица или другите странки во постапката, како и Законот за аудио и аудиовизуелни услуги и Статутот на ЈРП МРТ.

Имено согласно со член 18 од Законот за општа управна постапка (ЗОУП): „Стварната надлежност на јавните органи се определува со закон со кој се уредува одредена управна работа или се определува надлежноста на јавните органи.“ Во случајот, со изборот на нов Програмски совет, старото тело – административната комисија за избор на членови на Надзорен одбор, нема веќе соодветно овластување за водење на постапката. Комисијата е помошно тело без самостоен правен субјективитет. Со тоа, престанува и надлежноста на комисијата да ја продолжи постапката. Дополнително членот 24 од Законот за општата управна постапка, пропишува дека колегијалниот јавен орган (каков што е Програмскиот совет) е должен да овласти еден член на јавниот орган или административен службеник вработен во јавниот орган да ја води постапката. Во тој случај, овластениот член, односно службеник постапува како овластено службено лице и му доставува предлог за управниот акт на колегијалниот јавен орган, во писмена форма, освен ако со посебен закон не е поинаку утврдено. Со оглед на фактот што мандатот на јавниот орган е истечен, односно има нов состав, дадените овластувања од претходно немаат правна сила.

Дополнително согласно со членот 93 став (1) од Законот за општата управна постапка управната постапка во прв степен, поведена по барање, освен кога е поинаку предвидено со закон, се завршува во најкус можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на нејзиното поведување. Согласно со членот 94 ставови (1) и (2) од истиот закон, освен кога е изречно

забрането со закон, јавниот орган може еднаш да го продолжи рокот 30 дена, ако сложеноста на предметот тоа го оправдува. Продолжувањето е допуштено за периодот што е потребен да се заврши постапката, во зависност од сложеноста на предметот, но не може да биде подолго од 30 дена. Во конкретниот случај досега се поминати повеќе од 60 дена, без формално продолжување на рокот, а постапката сеуште не е завршена.

Статутот на ЈРП МРТ во членот 40 став 2 пропишува дека кандидатите за надзорен одбор пријавите со сите документи ги доставуваат во затворени пликоа. Овие пликоа се отворени од административната комисија која сега веќе нема овластување за водење на постапката која ги има податоците за сите кандидати, поради што може да има приговори во однос на тоа дали постапката била фер и транспарентна.

Сите наведени околности и факти, заедно со неспроведувањето на целосната постапка за избор од страна на предходниот состав на советот го нарушува основното начело на обезбедување на фер и конкурентен изборен процес, кој е клучен за избор на најквалификувани и најсоодветни кандидати за вршење на оваа важна функција, и упатува на член 42 став 4 од Сатутот на ЈРП МРТ, односно повторување на јавниот конкурс.

Согласно со членот 54 став (4) од Законот за општата управна постапка кога постапката е поведена по службена должност, јавниот орган може да ја запре постапката. Ако постапката во истата работа можела да биде поведена и по барање од странката, постапката ќе продолжи ако странката го бара тоа. Со оглед на фактот што постапката за избор на членови на Надзорен одбор започнува само по службена должност, со објавување на конкурс, а не може да биде поведена по барање на кој било друг во својство на странка, јавниот орган што ја повел може да ја запре во секој момент, без за тоа да треба да наведува какво било посебно образложение. Со запирање на постапката престануваат и се неважечки сите претходно преземени дејствија, со тоа што јавниот орган го задржува правото, согласно со посебниот закон од кој ја добива надлежноста да започне нова таква постапка по службена должност.

Со оглед на значењето на Надзорниот одборна МРТ за осигурување на отчетноста и законитото работење на МРТ, како и на обврската за обезбедување на високи стандарди на јавната функција, Програмскиот совет на МРТ оцени дека се исполнети условите за запирање на постапката и за повторно објавување на јавен конкурс под подобрена и целосна постапка за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ, поради што одлучи како во точка 1 од диспозитивот на оваа решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување на веб страната на ЈРП МРТ.

Програмски совет на МРТ

Давор Пашоски,
Претседател